**Општина Охрид**

**Сектор за туризам и локален економски развој**

**Одделение за туризам**

# Г2 ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2021 ГОДИНА

Ѓоко Апостолов
Раководител на Сектор за ТЛЕР

**ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2021 ГОДИНА**

## Вовед

Оваа програма е посебно дизајнирана да опфати сет на мерки и активности за ублажување на последиците од **Пандемијата со Ковид 19**, како и да предвиди форми и насоки за пост-пандемиско делување.

Имајќи ги во предвид историското и културното наследство, на 5-ти септември 1979 година под закрила на УНЕСКО беше ставено Охридското езеро. Еколошки чистите предели, природното наследство на овој регион. Логично развојот на туризмот, како особено важна дејност за Охрид, пред се се темели на креирањето на активности, мерки и политики за најдобро искористување на природните и културно- историски потенцијали за  континуиран развој на туризмот преку изработка на програми кои во целост ги опфаќаат формите и облиците за одржлив развој.

Програмата за поттикнување на туризмот се однесува на луѓето од локалната заедница кои преку меѓусебна соработка допринесуваат за организиран пристап на туристичкиот пазар.

Институционалните мерки и конкретни проекти несомнено ќе ја одразат посветеноста и ангажираноста на стручниот кадар во насока на подобрување на квалитетот на туризмот и пораст на локалниот економски бенефит на учесниците во туристичкиот сектор и подигнување на квалитетот на живот за жителите на Општина Охрид.

Непосредното учество на релевантните фактори од сферата на туризмот, во процесот на планирање на програмата, претставува основа за создавањето на изворната слика за местото, имиџот и комплетниот туристички производ кој треба да се понуди на туристичкиот пазар. Преку заеднички напори кои овозможуваат создавање на заедничка визија ќе се идентификува широк спектар на активности и ќе иницираат создавање на здрава основа врз која ќе се планираат понатамошните активности а сето тоа ќе допринесе за мултиплицирање на бројот на гости и задоволни посетители.

Согласно **Програмата за поттикнување на развојот на туризмот**, вклучени се програмите за работа и буџетското планирање на средствата предвидени како приход од Таксата за Привремен престој, при што Секторот за Туризам и Локален Економски Развој, за буџетската 2021 година ја предвидува програмата поврзана со буџетската ставка **Г2: Поттикнување на развојот на туризмот.**

### ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА 2021 ГОДИНА

За реализација на Програмата за 2021 во износ од **6.900.000,00 ден**. ќе бидат обезбедени средства од следниве приходи:

| | |
|---|---|
| Средствата предвидени како приход од Таксата за Привремен престој | 3.900.000,00 ден. |
| Приходи од донации | 3.000.000,00 ден. |
| **Вкупно приходи за 2021** | **6.900.000,00 ден.** |

## I. ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2020 ГОДИНА

Општина Охрид преку Секторот ТЛЕР и Одделението за туризам, согласно своите надлежности и задолженија, а во насока на поттикнување на развојот на туризмот за 2021 година, ја базира **“Г2 Програмата за поттикнување на развојот на туризмот за 2021 година“** која ке се реализира преку следните активности**:**

## 1. УПРАВУВАЊЕ СО ТУРИСТИЧКИ ДЕЈНОСТИ ВО НАСОКА НА РАЗВОЈ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ТУРИЗМОТ И ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА

### 1.1. Управување со туристичките дејности од мал обем во надлежност на единицата на локална самоуправа Општина Охрид

Локалната самоуправа согласно надлежностите и законските обврски, преку Секторот за ТЛЕР – Одд. за туризам во 2020 ќе продолжи со активностите за управување со туристичките дејности од мал обем во кои влегуваат:

- Евиденција, регистрација, категоризација како и продолжување на решенијата за категоризација на сместувачки капацитети од мал обем.
- Евиденција и регистрација на даватели на услуги во селски, етно и еколошки туризам,
- Евиденција и регистрација на даватели на услуги за туристичка дејност – вршење на услужни дејности, изнајмување на пловила за забава (сандолини), даска за едрење и слично..),
- Евиденција и регистрација на даватели на услуги за туристички услужни дејности поврзани со водениот превоз кои се реализираат со пловен објект со јачина на мотор кој не надминува 10 коњски сили и кој вклучува превоз на максимум 12 лица.

**Предвиден Буџет 0,00 ден**

**Вкупно планиран буџет за 1: 0,00 ден**

## 2. АКТИВНИ МЕРКИ ЗА УБЛАЖУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ПАНДЕМИЈАТА СО КОВИД 19 ВО ТУРИСТИЧКИОТ СЕКТОР

### 2.1. Субвенционирање на различни туристички дејности со цел ублажување на последиците од Пандемијата со Ковид 19 врз туристичкиот сектор

Со оглед на актуелната состојба со Пандемијата со Ковид 19, и последиците кои ги направи врз туристичкиот сектор, неопходно е покрај активните мерки на локално и национално ниво, да се интервенира во туристичкиот сектор и преку обезбедување на разни субвенции на најпогодените туристички гранки и даватели на услуги. Согласно насоките на Светската Туристичка Организација, директното вложување во туристичкиот сектор ќе овозможи барем делумно ублажување на последиците од пандемијата, а со тоа и потенцијално задржување на рејтингот и угледот на дестинацијата, како и минимизирање на бројот на лица кои поради пандемијата прекинуваат да се занимаваат со овие дејности, и намалување на бројот на лица кои ги изгубиле основните приходи.

За таа цел, програмата предвидува субвенционирање на следниве категории на даватели на услуги (преку посебно подготвени правилници за доделување на субвенции):

- Даватели на услуги во сместувачки капацитети од мал обем,
- Даватели на услуги во селски туризам,
- Даватели на услуги поврзани со водениот превоз и други рекреативни активности на вода и плажа,
- Туристички водичи.

**Предвиден Буџет 1.500.000,00 ден**

### 2.2. Формирање на Стручен одбор за опоравување на туризмот од пандемијата

Имајќи ја во предвид актуелната состојба со пандемијата од Ковид 19, и силното влијание врз туризмот, потребен е сеопфатен пристап со цел изнаоѓање на мерки за ублажување на последиците. Интердисциплинарниот притап кој е неопходен за оваа намена, предвидува една од активностите и формирање на Стручен Одбор за опоравување на туризмот од пандемијата. Овој одбор би бил составен од туристички работници, професори и научни работници, како и претставници на националните и локалните институции. Неговата намена би била преку определена динамика на средби (online), да се предвидат, имплементираат и мониторираат сет на мерки со цел ублажување на последиците од пандемијата и да се изгради една визија и дадат насоки за функционирање на туристичкото стопанство за време и после завршување на пандемијата.

**Предвиден Буџет 0,00 ден**

**Вкупно планиран буџет за 2: 1.500.000.00 ден**

## 3. ПРОМОЦИЈА НА ОХРИД КАКО АТРАКТИВНА ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА (ВО УСЛОВИ НА СВЕТСКА ПАНДЕМИЈА И ПО НЕА)

### 3.1. Промоција на Охрид преку електронски и дигитални медиуми во услови на Пандемија со Ковид 19

Имајќи ја во предвид актуелната состојба со пандемијата со Ковид 19, промените во туристичкиот сектор на глобално ниво се евидентни. После долги години на позиционирање на Охрид на светската туристичка мапа, во периодот што претстои потребни се големи напори за враќање на имиџот на Охрид како сигурна дестинација за туризам. Со оглед на тоа дека големите настани и саеми во овој период се замрени, потребен е стратешки простап и иновативни решенија за електронска и дигитална промоција на Охрид во светски рамки.

Преку оваа активност ќе бидат опфатени сет на иновативни начини за ваков тип на промоција на туриситчката понуда на Охрид во периодот на пандемијата и по нејзиното ублажување и завршување. На овој начин, ќе се направат обиди за активна промоција на туристичките услуги и производи на Охрид на иновативен и трендовски начин.

Исто така, одреден дел од средствата предвидени за оваа намена, согласно тековните услови и потреби, ќе биде наменет за печатен промотивен материјал

**Предвиден Буџет 400.000,00 ден**

**Вкупно планиран буџет за 3: 400.000.00 ден**

## 4. РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

### 4.1. Бесплатен hot spot интернет

Поставувањето на бесплатен hot spot интернет е одлична можност за посетителите и гостите во градот преку користеше на бесплатен интернет да добијат информации за туристичката понуда и услугите во градот.

Планирано е обезбедување на бесплатен hot spot интернет на неколку најпосетувани локации во Охрид како продолжение на оваа активност од претходните години.

**Предвиден Буџет 100.000,00 ден**

### 4.2. Поставување на нови излози во старата охридска чаршија

По добиениот проект од страна на Министерството за економија за ревитализација на старите градски чаршии, одобрени се средства во износ од 700.000,00 денари за замена на автентични излози на 7 дуќани во старата охридска чаршија. Изборот на дуќаните беше направен врз основа на претходно објавен повик од страна на Министерството за економија.

Со оглед на та дека неколку пати беше објавуван тендер за оваа активност, на кој сите понудувачи имаа повисоки понуди, предвидено е да се додадат 300.000,00 мкд буџетски средства за да се имплементира оваа активност.

**Предвиден Буџет 1.000.000,00 ден**

### 4.3. Поставување на информативен видео дисплеј

Преку оваа активност е предвидено да се постави информативен видео дисплеј една или повеќе локации на градскиот плоштад, на кој ќе бидат поставувани корисни туристички информации за туристите, посетителите и локалните жители. Преку него, ќе се врши информирање за возни редови на пловните објекти (кајчиња, катамарани, бродови), тековни занимливости и новости, информации за настани и сл. Со поставувањето на овој информативен видео дисплеј, ќе се овозможи отстранување на сите поставени рекламни паноа кои го нагрдуваат изгледот на градскиот плоштад и воедно се пречка за слободно движење на луѓето

**Предвиден буџет 600.000,00ден**

**Вкупно планиран буџет за 4: 1.700.000,00 ден**

# 5. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ

## 5.1. Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти

Според утврдените правила за апликација за одредени проекти, во зависност од донаторот како неопходност се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество кои мора да се запазат како прв услов за аплицирање за одреден проект. Со оваа ставка се предвидуваат средства за сопствено учество во следните области: **меѓународни проекти со посебен акцент за ИПА фондовите**, **регионални проекти, меѓуопштинска соработка** и **микрорегионални проект.** Дел од средствата се наменети за сопствено учество за проектот Проектот „Интеррегионално управување со културното наследство Е-систем“ финансиран од програмата Интеррег Балкан-Медитеран 2014-2020.

**Превиден Буџет 300.000,00 ден**

## 5.2. Средства од аплицирани и одобрени проекти

Во оваа програмска ставка се предвидени реализација на активности кои се во склоп на развој на туризмот, а претставуваат активности кои би се реализирале во рамки на проекти финансирани од други страни и донатори. Дел од средствата од оваа активност се предвидени за реализација на Проектот „Интеррегионално управување со културното наследство Е-систем“ акроним на проектот „ИРК-ХЕРМЕС“, од програмата Интеррег Балкан-Медитеран 2014-2020, во партнерство со Универзитетот за технологија од Кипар - Водечки партнер на проектот и партнер 1, Истражувачки и иновативен центар за информации, комуникација и знаење на технологии Атина од Грција - Партнер 2, општина Самос од Грција - Партнер 3, општина Крф од Грција - Партнер 4, ЕЛЕТ од Грција – Партнер 5, општина Охрид од Македонија - Партнер 6, општина Ѓирокастро од Албанија - Партнер 7. Проектот се однесува на дигитализација на културното наследство преку повеќе активности.

Проектот е одобрен во Март 2017, во тек е неговата финална фаза на реализација. Вкупен буџет на проектот е 1.162.000,00 Евра од кои за општина Охрид се предвидени 121.450,00 евра буџет за реализација на проектни активности.

**Превиден Буџет 3.000.000,00 ден**

**Вкупно планиран буџет за 5: 3.300.000,00 ден**

**ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2021: 6.900.000,00 ден**

**РЕКАПИТУЛАР**

| ПРЕДЛОГ Г2 ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2021 г. | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | | **Активност** | **Средства од буџет** | **Средства од донации** | **ВКУПНО** |
| **1** | **УПРАВУВАЊЕ СО ТУРИСТИЧКИ ДЕЈНОСТИ ВО НАСОКА НА РАЗВОЈ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ТУРИЗМОТ И ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА** | | | | |
| | 1.1. | Управување со туристичките дејности од мал обем во надлежност на единицата на локална самоуправа Општина Охрид | 0,00 | / | 0,00 |
| | | **Вкупно 1** | **0,00** | **/** | **0,00** |
| **2** | **АКТИВНИ МЕРКИ ЗА УБЛАЖУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ПАНДЕМИЈАТА СО КОВИД 19 ВО ТУРИСТИЧКИОТ СЕКТОР** | | | | |
| | 2.1. | Субвенционирање на различни туристички дејности со цел ублажување на последиците од Пандемијата со Ковид 19 врз туристичкиот сектор | 1.500.000,00 | / | 1.500.000,00 |
| | 2.2. | Формирање на Стручен одбор за опоравување на туризмот од пандемијата | 0,00 | / | 0,00 |
| | | **Вкупно 2** | **1.500.000,00** | **/** | **1.500.000,00** |
| **3** | **ПРОМОЦИЈА НА ОХРИД КАКО АТРАКТИВНА ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА (ВО УСЛОВИ НА СВЕТСКА ПАНДЕМИЈА И ПО НЕА)** | | | | |
| | 3.1. | Промоција на Охрид преку електронски и дигитални медиуми во услови на Пандемија со Ковид 19 | 400.000,00 | / | 400.000,00 |
| | | **Вкупно 3** | **400.000,00** | **/** | **400.000,00** |
| **4** | **РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА** | | | | |
| | 4.1. | Бесплатен hot spot интернет | 100.000,00 | / | 100.000,00 |
| | 4.2. | Поставување на нови излози во старата охридска чаршија | 1.000.000,00 | | 1.000.000,00 |
| | 4.3. | Поставување на информативен видео дисплеј | 600.000,00 | / | 600.000,00 |
| | | **Вкупно 4** | **1.700.000,00** | **/** | **1.700.000,00** |
| **5** | **ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ** | | | | |
| | 5.1. | Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти | 300.000,00 | / | 300.000,00 |
| | 5.2. | Средства од аплицирани и одобрени проекти | / | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 |
| | | **Вкупно 5** | **300.000,00** | **3.000.000,00** | **3.300.000,00** |
| | | **ВКУПНО** | **3.900.000,00** | **3.000.000,00** | **6.900.000,00** |